СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

# ЕУ ВЕСТИ

**јануари 2016 година**
**ЕУЦ-број 18/2016**

Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Приоритети на Холандското претседателство со Советот на ЕУ | 1 |
| Собраниски активности | 2 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Оценка на Европската комисија за седмата рамковна програма за истражување | 3 |
| Нов европски центар за борба против тероризмот | 3 |
| Тринаесетта видео конференција на лидерите на Западно балканската рута | 4 |
| Потрошувачите да бидат активни учесници на енергетскиот пазар | 5 |
| ЕИБ со поддршка на иновативната холандска софтверска куќа eVISION | 6 |
| Повисоки плати на службениците во Брисел | 6 |
| Европската унија со притисок врз Грција за исклучување од Шенген | 7 |
| Британските домаќинства со години плаќале повисоки сметки за вода | 8 |
| Фалсификувањето на евро банкноти во втората половина од минатата година е намалено | 9 |
| ЕУ календар февруари 2016 | 9 |

## ПРИОРИТЕТИ НА ХОЛАНДСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Кралството Холандија од 1 јануари 2016 година, го презеде претседавањето со Советот на Европската унија од Луксембург. Холандското претседателство ќе биде првиот мандат на новата претседавачка тројка, заедно со Словачка и Малта. Овие три држави ќе соработуваат до јуни 2017 година, со цел да ја спроведат 18-та програма која е фокусирана на отворање нови работни места, раст и конкурентност, воспоставување енергетска унија и климатска политика насочена кон иднината, јакнење на слободата, безбедноста и правдата.
Водечки принцип на Холандија е Унија која ќе се фокусира на суштинските работи, на развој и работни места преку иновација и Унија која е поврзана со граѓанското општество. Холандското претседателство ќе се фокусира на следните приоритетни области:

- сеопфатен пристап за миграцијата и меѓународната безбедност;
- Европа како иноватор и создавач на работни места;
- здрави финансии и силна еврозона и
- прогресивена енергетска и политика за клима .

Мигрантската криза отвори разни недостатоци во европските области на слободата, безбедноста и правдата кои бараат акција. Сегашен приоритет е ефикасна контрола на надворешните граници на Европа, подобрување на приемот на бегалци во Европа и во регионот, како и нивна распределба на фер начин. Потребна е поголема регионална соработка со земјите од Западен Балкан и Турција кои најдиректно се соочени со овој предизвик. Особено важно е да се воспостави посилна врска помеѓу внатрешната и надворешната политика, со цел поефикасна и интегрирана употреба на широк спектар на инструменти на ЕУ, како и активни дипломатски напори од страна на високиот претставник на ЕУ и земјите членки. Нападите во Париз ја нагласија потребата од ефикасни мерки за борба против тероризмот и целосно спроведување на договорите за размена на податоци и соработка меѓу службите за безбедност. Холандија е подготвена за брза подготовка на проектот за спроведување на пакетот за миграција, со стратешки преглед на надворешната и безбедносна политика на ЕУ.
Европа има добра перспектива за создавање на стабилен и иновативен раст на работни места. Во рамки на Холандското претседателство ова ќе биде вториот клучен приоритет, и значи спроведување на постојните договори во земјите-членки, стимулирање на иновативно претприемништво, зајакнување на услугите и секторите со висок потенцијал, заеднички инвестиции во истражувањето и балансирани трговски договори со трети земји. Европската унија мора да продолжи со модернизација и поедноставување на законодавството, и законите на ЕУ навистина да се во функција на граѓаните, бизнисите и локалните власти.

Структурните реформи и здравата фискална политика, вродуваат со плод и многу земји членки постепено економски закрепнуваат и ја зголемуваат вработеноста. Земјите-членки на ЕУ мора да продолжат со структурните реформи и координирана економска политика. На овој начин може да се обезбеди гаранција за здрави јавни финансии во економиите. Во амкиет на претседателството, Холандија ќе започне иницијатива за отварање на дебата за новиот и реформиран повеќегодишен буџет на Унијата.

Како четврт приоритет, Холандија ќе вложи напори за потенцирање на кохезијата меѓу прашањата за климатските промени, енергијата, животната средина и одржливоста. Холандија ќе се обиде да изврши притисок за натамошен развој на Европската енергетска унија, преку зајакнување на снабдувањето со енергија, создавање на внатрешен пазар на енергија, со цел ЕУ да биде помалку енергетски зависна, како и да се зголемат истражувањата и иновациите во областа на обновливите извори на енергија. Договорот од Париз, кој беше постигнат на 21 Конференција на Страните (COP) на рамковната Конвенција за климатски промени на Обединетите нации, на 12 декември 2015 година, претставува важна појдовна точка за овие напори на актуелното претседателство со Унијата.

http://english.eu2016.nl/

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ



***Заедничка седница на Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции***

На 20 јануари 2016 година Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции одржаа заедничка седница на која беа претставени Програмата и приоритетите за работа на Холандското претседателство со Советот на Европската унија за периодот јануари-јуни 2016 година, од страна на амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, Н.Е. Вилем Ваутер Пломп.

На седницата беа поканети и учествуваа претседателите и членовите на Комисијата за надворешна политика и на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија и Европската унија.

Воведни обраќања на седницата имаа амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, г. Вилем Ваутер Пломп, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, г. Фатмир Бесими и Шефот на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, амбасадорот Аиво Орав.

Со седницата претседаваше претседателот на Комисијата за европски прашања, г-ѓа Ермира Мехмети.

Во расправата со свои мислења, предлози и коментари учествуваа пратениците: г-ѓа Ермира Мехмети, г-ѓа Лилјана Поповска, г. Орхан Ибрахими, г-ѓа Нола Исмајлоска, г. Павле Трајанов и г. Кенан Хасипи, и проф. д-р Димитар Мирчев член на Националниот совет за евроинтеграции, претставник од кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

На седницата беа разменети мислења и ставови за актуелните состојби во Република Македонија, од аспект на степенот на реализацијата на Договорот од Пржино, како услов за откочување на евроинтегративниот процес на земјата и добивање на датум за почеток на преговорите за членство во Европската унија.

www.sobranie.mk

---

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



*Пленарна сесија 18-21 јануари 2016 година, Стразбур*

На пленарната сесија на Европскиот парламент европратениците дебатираа за владеењето на правото и независноста на медиумите во Полска.

За време на дебатата со претседателот на Европската комисија Жан-Клод Јункер и претседателот на Европскиот Совет Доналд Туск, повеќе европратеници изнесоа забелешки за неуспехот во справувањето со миграциската криза. Европратениците дебатираа и за престојниот референдум за членството на Велика Британија во ЕУ.

Во обраќањето на пленарната седница на Европскиот парламент на 20 јануари годинава, Холандскиот премиер Марк Руте ги истакна приоритетите на Холандското претседателство со Советот на ЕУ.

Во дебата европратениците нагласија дека земјите-членки на Унијата треба да соработуваат во справувањето со заканата од тероризмот кој е во пораст. Истакнаа дека одлуката на Франција да се повика на клаузула на ЕУ за взаемна одбрана треба да послужи како поттик за зајакнување на европската безбедност и одбрана.

Заедно со Францускиот министер за надворешни работи Лорен Фабиус, европратениците разговараа за Договорот за климатските промени постигнат во декември минатата година во Париз. Истакнаа дека и покрај позитивниот исход потребна е уште многу работа за справување со емисиите од авијацијата и превозот.

Европскиот парламент одобри нови правила за безбедност со цел да се спречи влез во ЕУ на лична заштитна опрема (шлемови и јакни за заштита) кои се несоодветна или опасни по живот.

Со цел да се зголеми е-трговијата, во усвоената резолуција европратениците истакнаа дека треба да се стави крај на гео -блокадата.

Европратениците гласаа против предлог-правилата на ЕУ со кои се овозможува храната за бебиња да содржи и до три пати повеќе шеќер отколку што се препорачува од страна на Светската здравствена организација. Беше побарано намалување на лимитот на содржина на шеќер за да одговара на препораките на СЗО за заштита на доенчињата и мали деца од прекумерна тежина.

Европратениците дебатираа со Комесарот за внатрешен пазар, во врска со ограничувањето на издувните гасови на дизел автомобилите.

http://www.europarl.europa.eu/news/en

## ОЦЕНКА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА СЕДМАТА РАМКОВНА ПРОГРАМА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ

Европската комисија на 25 јануари 2016 година ја објави екс-пост евалуацијата на Седмата Рамковна програма (ФП7) за финансирање на истражувања за периодот 2007 -2013 година.
Оценката се заснова на извештај од независна група на експерти на високо ниво, како и на одговорот на Комисијата на препораките дадени во два правни документи.
Главните наоди се дека ФП7 е ефикасна во поттикнување на одлична наука и зајакнување на индустриската конкурентност во Европа, и придонесува за раст и работни места во Европа. Евалуацијата идентификува начини за подобрување на истражувањето на фондовите на ЕУ и иновациите. Многу прашања веќе се преземени од страна на програмата Хоризонт 2020 која е наследник на ФП7.

*Главни заклучоци на Комисијата од екс-пост евалуацијата на ФП7 се:*
- ФП7 проектите досега генерирале 170.000 публикации со стапка на отворен пристап од 54% за сите научни рецензирани публикации креирани во текот на постоењето на ФП7;
- ФП7 придонесла за зголемување на индустриската конкурентност во Европа. Во текот на ФП7 се зголемило учеството на приватното партнерство;
- ФП7 остварила позитивно влијание на растот и работните места. Се проценува дека ФП7 ќе го зголеми БДП од околу 20 милијарди евра годишно во текот на следните 25 години, или вкупно 500 милијарди евра преку индиректни економски ефекти и се очекува да создаде повеќе од 130.000 истражувачки работни места годишно (во период од 10 години) и 160.000 нови работни места индиректно годишно (во период од 25 години),
- ФП7 ги адресира транснационалните општествени предизвици,
- ФП7 ги вклучи и обучи водечките меѓународни научни и технолошки таленти,
- ФП7 претставува отворен систем кој им овозможи на повеќе од 21.000 нови организации да добијат финансии од ЕУ.




Седмата рамковна програма на Европската заедница за истражување, технолошки развој и демонстрирачки активности се спроведуваше од 2007 до 2013 година. Програмата беше структурирана на четири посебни програми за поддршка на транснационална соработка за истражување, развој на кариерата на индивидуални истражувачи, како и обука, мобилност и зајакнување на истражувачките капацитети во Европа.
Програмата Хоризонт 2020 ќе се спроведува од 2014 до 2020 година преку неа ќе бидат достапни 77 милијарди евра за финансирање на истражувања и иновации, речиси 40% поголем износ од претходната програма ФП7.

http://europa.eu/rapid/press-release_IP-16-145_en.htm

---

## НОВ ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

На неформалниот состанок на министрите за правда и внатрешни работи во Амстердам, на 25 јануари 2016 година, Европол го стави во употреба Европскиот Центар за борба против тероризмот (ЕСТС). Овој центар ќе се справува со прашањата кои се однесуваат на борците во странство, за споделување на информации во врска со финансирањето на тероризмот, онлајн пропагандата и трговијата со оружје.
Европа се соочува со најсериозна терористичка закана во последните 10 години. Во комбинација со сè поголемиот број на странски борци, ова е нов предизвик за земјите-членки на ЕУ.
“Центарот ќе ги подобри оперативната координација и размена на информации меѓу органите за спроведување на законот“, изјави холандскиот министер за безбедност и правда, Ард ван дер Стеур. Ова е неопходно за борба против организираниот криминал, терористичките мрежи и странските борци.
Центарот е дел од организацијата на Европол, и истиот ќе биде предводен од страна на Шпанецот Мануел Наварет Паниагуа. Во моментот има персонал од 39 лица, плус пет прераспределени експерти. Новиот центар ќе соработува со другите оперативни центри во рамките на Европол.
Европол има централна улога во европскиот одговор на терористичките закани. На пр. по нападите во Париз, Европол распореди 60 офицери за поддршка на француските и белгиски истраги.
Специјалната работна група, резултираше со повеќе од 1.600 водечки улоги на офицерите во откривање на осомничени финансиски трансакции. Финансиските истраги се ефикасен инструмент во борбата против организираниот криминал и тероризмот и еден од приоритетите на претседателството на Холандија во ЕУ.



http://english.eu2016.nl/latest/news/2016/01/25

## ТРИНАЕСЕТТА ВИДЕО КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЛИДЕРИТЕ ОД ЗАПАДНО-БАЛКАНСКАТА РУТА



На 22 јануари 2016 година се одржа 13-та видео конференција помеѓу контакт лицата номинирани на средбата на лидерите на Западно балканската рута која се одржа на 25 октомври минатата година.

Високи претставници од земјите и агенции кои присуствуваа на состанокот имаа детална дискусија за последните трендови во однос на надворешните граници и приемниот капацитет.

Во Изјавата на лидерите, во однос на размената на информации и ефективна соработка, учесниците ги повторија своите заложби за брза и стабилна размена на информации помеѓу лицата за контакт. Информациите треба да се користат како механизам за рано предупредување со што се обезбедува колективен прекуграничен пристап и ќе се избегнат еднострани дејства кои може да предизвикаат низа реакции.

Во однос на граничното управување лидерите дискутираа за различното управување со граничните премини и размена на информации помеѓу двете земји. Ова ги вклучува следните клучни точки:

- Грција и Република Македонија информираа за подобрување на размената на информации и координација на активностите поврзани со граничното управување, како и за зајакнување на поддршката на Фронтекс на границата меѓу Грција и Република Македонија.
- Комисијата информираше за исходот на видео-конференција одржана меѓу националните полициски органи од сите земји учеснички.
- Австрија, Хрватска, Германија, Грција, Србија, Словенија и Република Македонија информираа што практично во моментов се врши во нивните внатрешни граници.
- Холандското претседателство најави средба на политичко ниво која е предвидено да се одржи на маргините на неформалниот состанок на Советот за правда и внатрешни работи на 25 февруари помеѓу Австрија, Хрватска, Германија, Грција, Србија, Словенија и Република Македонија. На состанокот ќе се разговара за последно превземените мерки на Западно Балканската рута.

Во однос на поддршката и засолниште на бегалците, лидерите истакнаа дека УНХЦР предвидува обезбедување на 20.000 места за прием во приватно сместување преку систем на ваучер со партнери од Грција.

Групата ќе продолжи со билатералните контакти во меѓувреме да се обезбеди целосна комуникација, координација и соработка за решавање на миграциските текови и да се обезбеди хуман третман на лицата кои бараат азил во Европа.

На 21 октомври 2015 година, претседателот на Европската комисија г. Јункер одржа лидерска средба за приливот на бегалци по должината на рутата на Западен Балкан и ја истакна вонредната ситуација која се одвива по тој пат.

Присутни на лидерската средба беа шефовите на држави или влади на Албанија, Австрија, Бугарија, Хрватска, Република Македонија, Германија, Грција, Унгарија, Романија, Србија и Словенија. Европската канцеларија за поддршка на азил (ЕКПА) и Европската агенција за управување со оперативна соработка на надворешните граници на земјите-членки на Европската унија (Фронтекс), исто така имаа свои претставници.

На 15 декември 2015 година, Европската комисија го објави извештајот за напредокот во превземените мерки за справување со бегалците и миграциската криза по должина на Западно-балканската рута.

http://europa.eu/rapid/press-release_IP-16-148_en.htm?locale=en

## ПОТРОШУВАЧИТЕ ДА БИДАТ АКТИВНИ УЧЕСНИЦИ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ ПАЗАР



Нов дизајн на енергетскиот пазар, нов договор за потрошувачите на електрична енергија и етикети за енергетска ефикасност се дел од енергетскиот пакет од три мислења изгласани на седница на Европската економска и социјална комисија (EESC) на 20 јануари 2016 година.

Следејќи го договорот на COP21 усвоен во Париз на крајот на 2015 година, главниот фокус во енергетската дебата е како транзицијата кон економија со ниско ниво на јаглерод може практично да се постигне во различни земји.

Клучно прашање е дизајнот на енергетските пазари во однос на правилата, инфраструктурата, како и учесниците на пазарот. Со новиот дизајн на пазарот на електрична енергија ќе се осигура дека промената кон обновливите извори на енергија е универзално корисна.

ЕУ ќе треба да преземе поголема акција за да обезезбеди потранспарентни цени на енергенсите и дека истите ќе претставуваат одраз на актуелното генерирање и надворешните трошоци; мора да им се овозможи на потрошувачите да станат активни учесници на пазарот преку обезбедување со соодветни информации и ресурси; и да се отстранат пречките за пристап на пазарот на зголемениот број на локални иницијативи за индивидуално производство и снабдување.

EESC се согласува со Европската комисија за потребата да се стави „потрошувачот во сржта на Енергетската унија“. Со цел потрошувачите да учествуваат на пазарот на енергија, тие треба имаат пристап до интелигентни технологии, информации, обука и финансии. Потрошувачите треба да имаат слобода да играат активна улога во енергетскиот систем, да имаат право на избор и лесно да преминуваат помеѓу производителите и дистрибутерите на електрична енергија. EESC истакнува дека на потрошувачите им се даваат повеќе права и можности, но се зголемува и одговорноста за нив. Растечкиот социјален проблем на енергетската сиромаштија треба да се решава со помош на соодветни мерки на социјалната политика.

Во Мислењето за Рамката на означување на енергетската ефикасност, како одговор на предлогот на Европската комисија, Европската економска и социјална комисија изнесе серија на препораки со кои се обезбедува ефикасна и униформна енергетска ефикасност во Европа. Карактеристиките на производот треба да одговараат на етикетата, треба да има построги контроли на производите за продажба и треба да се воведе заеднички широк европски систем на казни.

Етикетите треба да содржат и други информации за потрошувачите, како што се потрошувачката на енергија на производот и својот минимум животен век - ова ќе го направи енергетскиот производ навистина споредлив во однос на трошоците. Посебно внимание треба да се посвети на производи увезени од трети земји, за да се обезбеди заштита од нелојална конкуренција и измама.

Друга област која мора внимателно да се следи е онлајн трговијата - ова е една област која е занемарена и каде енергетските етикети не секогаш се истакнати и видливи.

Унијата ќе треба да направи сè што е можно да ги направи производите со висока ефикасност достапни за најсиромашните социјални групи - ова ќе биде еден од начините за справување со проблемот на енергетската сиромаштија што ќе влијае на повеќе од 50 милиони жители во ЕУ.

http://www.eesc.europa.eu/?i=portal.en.the-committee

## ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА СО ПОДДРШКА НА ИНОВАТИВНАТА ХОЛАНДСКА СОФТВЕРСКА КУЌА eVISION

***« Иновациите во дигиталната контрола на работа ќе им помогнат на компаниите да одговорат на зголемената потреба за оперативна ефикасност и безбедносна контрола »***

Софтверската индустрија eVision и Европската инвестициона банка (ЕИБ) на 25 јануари 2016 година потпишаа договор за заем од 13,5 милиони евра. Оваа инвестиција ќе овозможи eVision да ја зајакне глобалната позиција како водечки снабдувач на дигитална контрола на работни решенија. Компанијата ќе биде вториот холандски ИКТ бизнис кој користи средства од програмата „InnovFin - ЕУ финансии за иноватори“.

eVision ќе продолжи да инвестира во својата водечка пазарна софтверска платформа која им помага на компаниите во контролата на нивните операции. Иновациите во дигиталната контрола на работа ќе помогне на компаниите да одговорат на зголемената потреба за оперативна ефикасност и безбедносна контрола.

Европската инвестициона банка во соработка со Европската комисија, обезбедува финансии и експертиза за одрживи инвестициски проекти кои придонесуваат за унапредување на целите на политиката на ЕУ. Во август 2015 eVision беше првата холандска компанија на која треба да ѝ се доделат 2,3 милиони евра грант од програмата Хоризонт 2020 .
InnovFin финансирање на растот нуди долгорочни високи, субординирани заеми со цел подобрување на пристапот до финансии за иновативните главно поголеми (до 3000 вработени), но исто така за мали и средни претпријатија.

eVision софтверската индустрија е глобален лидер во софтвер за контрола на работата. Компании од областа на нафта и гас, хемиски и други високо-ризични индустрии се свртени кон нас за подобрување на контролата над своите оперативни процеси, што резултира во целосно добро персонално во реално време управување со корпоративниот ризик, како и зголемување на оперативната ефикасност.

Целосно интегрираното портфолио на производи на eVision вклучува софтвер за деловните процеси како што се дозвола за работа, процена на ризикот, управување и менаџирање на промени.

Компанијата е со седиште во Хаг, Холандија со регионални канцеларии во Велика Британија, на Блискиот Исток и во САД. eVision има глобална мрежа на партнери и клиенти на пет континенти. eVision оствари раст на приходите од повеќе од 35% во 2015 година, а повеќе од двојно се зголеми бројот на нови договори.

http://www.eib.org/infocentre/press/releases

---

## ПОВИСОКИ ПЛАТИ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ВО БРИСЕЛ

Платите на околу 55.000 службеници на Европската унија оваа година ќе бидат повисоки за 2,4%, или 100 милиони евра повеќе од буџетот. По две години барање од страна на службениците се постигна договор за нова формула за пресметување на платите. Платите на службениците на ЕУ во последните пет години се зголемија во просек за 0,5% годишно, или значително помалку од платата на националните државни службеници.

Зголемувањето доаѓа по две години од замрзнувањето на платите на службениците на ЕУ на барање на националните влади. Ова резултираше со штрајкови на вработените во неколку институции во ЕУ, во 2012 и 2013 година.

Со постигнатиот договор во 2014 година помеѓу ЕУ и вработените, предвидено е воведување на нов систем за плати. Целта на договорот е да се воведе формула што ќе се применува автоматски. Оваа формула ги вклучува трошоците за живеење во Белгија и Луксембург, каде што престојуваат повеќето од вработените на ЕУ и платите на државните службеници во 11 земји-членки.

Зголемувањето на платите за 2,4% ќе се применува ретроактивно од јули 2015 година и ќе важи за цела 2016 година.

Претседателот на Европската комисија, Жан-Клод Јункер и претседателот на Советот, Доналд Туск, ќе добијат речиси 700 евра повисока плата или 31.272 € месечно, објави германската новинска агенција ДПА, повикувајќи се на пишувањата на Билд. По зголемувањето месечната плата на седумте заменици претседатели на Комисијата ќе се зголеми за 633 евра и ќе достигне 27,953 евра.

http://en.euabc.com/word/814

## ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО ПРИТИСОК ВРЗ ГРЦИЈА ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ШЕНГЕН

Европската унија врши притисок врз грчката влада во врска со приливот на бегалци и мигрантите. Неколку земји членки веќе воспоставија вонредни контроли на нивните граници и доколку не се воведе построга контрола, предупредија дека би можело да ја исклучат Грција од Шенген зоната.

Унијата ја предупреди Грција дека би можело во мај да се соочи со дополнителни гранични контроли од други држави во Шенген зоната доколку не ги поправи, како што се наведува, „сериозните пропусти“ на надворешните граници на Шенген.

Членките на Европската унија почнаа се поостро да ја критикуваат Атина за тоа како се справува со бегалската и мигрантската криза. Високи претставници сметаат дека тоа е единствен начин да ја убедат Атина да побара помош од Фронтекс за заштита на своите граници.

Министрите за внатрешни работи на ЕУ, на 25 јануари 2016, се сретнаа во Амстердам на неформален состанок, каде се разгледа опцијата за продолжување на времените гранични контроли во Шенген зоната, со цел да се контролира приливот на бегалците. Министрите од неколку европски држави повикаа Грција да биде исклучена од Шенген зоната и дури од Европската унија, ако продолжува да ги пропушта мигрантите кои доаѓаат кон Европа.

Според членот 26 од Шенгенскиот договор, кој никогаш досега не бил применет, се дозволува една или повеќе членки да воведат двегодишна контрола на своите граници. Овие мерки се дел од големиот план на Европската унија да се запрат илјадниците мигранти кои влегуваат во нејзината зона.

Министерот за внатрешни работи на Австрија Јохана Микл-Лајтнер предупреди дека надворешната граница на ЕУ ќе се премести кон Централна Европа, ако Грција не ја подобри контролата на границата со Турција, и дека треба да биде исклучена од Шенген зоната доколку не ги исполнува обврските за обезбедување на надворешните граници на ЕУ од приливот на мигранти, Грција треба да ги засили своите ресурси и да прифати помош изјави австриската министерка за внатрешни работи.

Европската комисија смета дека итно треба да се превземат активности за да се спречи продолжувањето на граничните контроли во Шенген зоната.

Комисијата ќе препорача корективни мерки и до мај ќе направи проценка дали Атина ги применила мерките. Ова беше и предупредувањето на претседателот на Европскиот совет Доналд Туск, кога тој изјави дека на ЕУ и остануваат уште два месеци да најде излез од бегалската криза, а ако тоа не се случи, тоа ќе значи крај на Шенген.

Германската канцеларка, Ангела Меркел изјави дека очекува повеќе предлози за справување со бегалската криза за време на следниот самит на ЕУ, кој ќе се одржи во Чешка на 15 февруари, на кој ќе се разгледуваат решенија за кризата со бегалците, за подобра заштита на шенген-зоната и евентуално создавање на резервна гранична линија во Македонија и Бугарија.

https://euobserver.com/justice/131975



***« Членките на Европската унија се поостро ја критикуваат Атина за справувањето со бегалската и мигрантска криза. »***

## БРИТАНСКИТЕ ДОМАЌИНСТВА СО ГОДИНИ ПЛАЌАЛЕ ПОВИСОКИ СМЕТКИ ЗА ВОДА



***« Според податоците сметките за вода за долговите на британските домаќинства надминуваат две милијарди фунти»***

Според извештајот на надлежниот парламентарен комитет, домаќинствата во Велика Британија плаќале за вода повеќе отколку што е потребно, бидејќи регулаторното тело за заштита на потрошувачите по приватизацијата пред четврт век, со години погрешно ги пресметувал лимитите на цените.

Компаниите за водоснабдување заради лошите пресметки на регулаторот и како резултат на високите сметки за граѓаните оствариле добивка повеќе од една милијарда фунти за пет години. Сметките на домаќинствата за вода се искачиле на речиси 400 фунти годишно.

Според Комитетот за следење на јавните сметки на британскиот Парламент, регулаторното тело за секторот водоснабдување (Ofwat) ги прецениле трошоците на компаниите за водоснабдување,

Според Претседателката на Комисијата за јавни финансии Мег Хилер, тоа што телото надлежно за заштита на правата на потрошувачите направило такви сериозни грешки ќе наиде на огорченост од јавноста. Офват беше формирано со цел да ги заштити интересите на потрошувачите, од кои повеќето не можат да изберат снабдувач на вода и мора да плаќаат сметки од неколку стотина фунти. Тоа е причината зошто многу домаќинства ќе бидат шокирани кога ќе видат дека сметките можеле да бидат помали доколку Офват имале поинаков пристап во утврдување на цена на компаниите за водоснабдување.

Одборот за јавни финансии на Вританскиот парламент потврди дека Офват, формиран за остварување на правата на потрошувачите, кон утврдување на цената на водата ги преценил трошоците на компаниите, вклучувајќи ги и даноците.

Националната служба за супервизија го преиспитала профитот на компаниите за водоснабдување во 2015 година и утврдила дека имале корист од пониските даноци од очекуваните и ниските цени за задолжување со оглед на тоа што Офват ја утврдила највисоката цена на водата.

Резултатот покажува дека профитот на компаниите за водоснабдување за сметките се поголеми од она што е потребно во периодот 2010-2015 година и се повисоки за најмалку 1,2 милијарди фунти. Во извештајот се предупредува на можноста дека потрошувачите во подрачјата со ограничено снабдување со вода плаќаат нови скапи капацитети иако тоа би било поевтино доколку нивниот снабдувач во трговијата со другите компании обезбеди соодветна испорака.

Од Офват се бара да преиспита како компанијата пресметувала трошоци по основ на задолжување и даноци и да ја извести јавноста како има намера да ја подобри својата работа.

Индустријата за водоснабдување во Англија и Велс беше приватизирана во 1989 година и сега се состои од 18 големи независни приватни компании кои се монопол снабдувачи за 22 милиони домаќинства.

Од 2014-2015 година просечната сметка на домаќинство за вода и канализација изнесувала 396 фунти, која е реална за 40% повеќе од цената пред приватизацијата.

Според директорот на Офват, Кетрин Рос, наводите во извештајот за профит на компаниите за водоснабдување се во врска со одлуките на Офват од пред шест години и додаде дека тие биле свесни за предизвиканата ситуација за потрошувачите од 2012 година и дека преземале мерки компанијата да врати 435 милиони фунти. Во Офват вовеле промени за компанијата да биде потранспарентна и одржлива, и планираат со новите измени да ја стекнат довербата на потрошувачите.

Податоците покажуваат дека сметките за вода за долговите на британските домаќинства надминуваат две милијарди фунти.

http://www.theguardian.com/money/2016/jan/

## ФАЛСИФИКУВАЊЕТО НА ЕВРО БАНКНОТИ ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА ОД МИНАТАТА ГОДИНА Е НАМАЛЕНО

Во втората половина од 2015 година. вкупно 445 илјади фалсификувани евро банкноти биле повлечени од оптек.

Измамниците најчесто фалсификуваат банкноти од 50 евра, 83% од сите лажни пари се банкноти од 20 и 50 евра.

Сите евробанкноти може да се проверат користејќи ја методата “допир, изглед и наклон”.

Евробанкнотите продолжуваат да бидат доверлив и безбеден начин и можност за плаќање. Бројот на фалсификувани евро банкноти кои се повлечени од употреба во втората половина од 2015 година е намален само за 2% помалку отколку во првата половина од годината, соопшти Европската централна банка (ЕЦБ), предупредувајќи јавноста да обрати внимание на банкнотите кои ги користи.

Сепак од ЕЦБ нагласуваат дека бројот на фалсификувани банкноти останува многу низок во споредба со порастот на бројот на вистинските банкноти во оптек, кои се над 18 милијарди во втората половина на 2015 година.

Евросистемот им помага на луѓето да направат разлики помеѓу вистински и фалсификувани банкноти, и да им помогне професионално со технологија што е поддржана од најголемите органи што издаваат банкноти во светот, која овозможува брзо препознавање на дигиталното фалсификување. Овие апарати за антифалсификување ги спречуваат персоналните компјутери и други апарати да снимаат и репродуцираат фотографии од заштитени банкноти.

Новите банкноти од серијата “Европа” ќе бидат посигурни, што ќе помогне во одржување на довербата на јавноста во валутата како средство за плаќање. Зачувување на интегритетот на еврото е должност на Евросистем кој ќе продолжи со подобрување на квалитетот и технологија на банкнотите.

Неинтересни за фалсификаторите се банкнотите од 5 и 200 евра, покажуваат податоците на ЕЦБ. Огромен дел од фалсификуваните банкноти – 98% се наоѓаат во земјите од еврозоната. Само околу 1,3% се откриени во земјите членки на ЕУ надвор од еврозоната, а помалку од 0,7% - во други делови на светот.

Новата банкнота од 20 евра беше пуштена во оптек на 25 ноември 2015 година, новиот дизајн содржи иновативни сигурносни карактеристики, со што максимално би се спречила секаква можност за фалсификување.

https://www.ecb.europa.eu/press/pr/date/2016



***ЕУ КАЛЕНДАР/ јануари 2016***

*1. Пленарна седница на Европскиот парламент, 01-04/02/2016, Стразбур;*
*2. Европски зелен град, церемонија за примопредавање - од Бристол 2015 до Љубљана, 09/02/2016, Музеј на музички инструменти, Брисел*
*3. Конференција „Европска дестинација“, 05/02/2016, Бостон, САД*
*4. Трета конференција за енергетика ЕУ-Норвешка, 05/02/2016, Брисел, Белгија*



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 33 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019
Сектор за поддршка на Национален совет за евроинтеграции

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Македонија во периодот јануари 2011-јуни 2012 година беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*